РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ**
**НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР – СКОПЈЕ**

# УПАТСТВО

**ЗА ЗАВЕРКА НА ЗИМСКИ СЕМЕСТАР И ЗАПИШУВАЊЕ НА ЛЕТЕН СЕМЕСТАР ВО УЧЕБНАТА 2016/17 ГОДИНА**
**– ЗА СТУДЕНТИТЕ ЗАПИШАНИ ВО ПРВА ГОДИНА –**

За заверка на зимскиот и за запишување на летниот семестар во учебната 2016/17 година, потребно е најпрво студентот да се најави на iKnow системот и да изврши електронско запишување на вториот (летен) семестар 2016/17.

По најавување во iKnow системот, треба да се избере опцијата „Запишани семестри“ и со копчето „Внеси“ да се избере летен семестар 2016/17. Откако ќе се избере семестарот, постои можност да се избере опција за плаќање на административната такса од 100 денари преку СМС порака (погледајте го посебното упатство на веб страницата), избор на опцијата „Таксени“.

По изборот на семестарот, се избира табот „Предмети“, каде што треба да се изберат предмети кои ќе се слушаат во семестарот. Изборот на предмети се врши во согласност со студиската програма која што е објавена во информативниот пакет за учебната 2016/17 година. Потребно е да се изберат трите задолжителни предмети, еден изборен предмет за соодветната насока и еден предмет од листата на изборни од УКИМ (Универзитетска листа на предмети од другите факултети). Откако ќе се изберат предметите, треба да се притисне копчето „ЗАПИШИ ПРЕДМЕТИ“.

Откако ќе се заврши со постапката за електронско запишување на семестарот, потребно е да се доставаат потребните документи во службата за студентски прашања, во периодот од 23 до 27 јануари 2017 година.

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАВЕРКА И ЗАПИШУВАЊЕ НА ЛЕТЕН СЕМЕСТАР ВО УЧЕБНАТА 2016/17 (за студенти во прва година):

1. ИНДЕКС
2. ОБРАЗЕЦ ЗА ЗАВЕРКА НА СЕМЕСТАР со 50 ден. административна такса
3. ОБРАЗЕЦ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СЕМЕСТАР со 50 ден. административна такса
   (двете административни такси можат да се платат со една уплатница од 100 ден. или преку iKnow системот со СМС порака)
4. Уплатница (Образец ПП50)
   - за уплатени **100 EUR** (6.150 ден.), со цел на дознака - *Втора рата од надоместокот за студирање*, на сметката на Факултетот за дизајн и технологии

на мебел и ентериер (за студенти кои се запишани во државна квота и студенти од програмата ПРОЕКТ 45)

- за уплатени **200 EUR** (12.300 ден.), со цел на дознака - *Втора рата од надоместокот за студирање*, на сметката на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер (за студенти кои се запишани во квота со кофинансирање на студирање и за вонредните студенти)

Уплатата се врши на **образец ПП 50** и ги содржи следните податоци:
**Цел на дознака**: Надомест за студирање - II рата
**Назив на примачот**: Буџет на РМ, ФДТМЕ - Скопје
**Банка на примачот**: НБРМ
**Жиро сметка**: 100000000063095
**Износ: 6.150/12.300 ден.**
**Сметка на буџетски корисник**: 1600161654–788–11
**Приходна шифра и програма**: 723012 41

---

**ДОКУМЕНТИТЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ТРЕБА ДА СЕ ДОСТАВАТ ВО ПРЕДВИДЕНИТЕ ТЕРМИНИ. ПО ТИЕ ТЕРМИНИ МОЖАТ ДА СЕ ДОСТАВУВААТ САМО ДОПОЛНИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ КОИ ШТО НЕДОСТАСУВААТ.**

---

**Според Одлука бр.0202-324/1-VII -6 од 27.10.2011 година:**

- **ЗАПИШУВАЊЕТО БЕЗ КАЗНА ЌЕ СЕ ВРШИ ДО 10.02.2017 ГОДИНА. СТУДЕНТИТЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ТРЕБА ДА ГИ ДОСТАВАТ ДОКУМЕНТИТЕ ВО ПРЕДВИДЕНИТЕ ТЕРМИНИ, А ДО 10.02.2017 МОЖАТ САМО ДОПОЛНИТЕЛНО ДА ДОСТАВУВААТ ДОКУМЕНТИ ШТО НЕДОСТАСУВААТ ИЛИ СЕ НЕИСПРАВНИ.**
- **ЗАПИШУВАЊЕТО НА СЕМЕСТАРОТ ОД 11.02.2017 ДО 25.02.2017 ГОДИНА ЌЕ СЕ ВРШИ СО НАДОМЕСТ ОД 500 ДЕНАРИ.**
- **ЗАПИШУВАЊЕТО НА СЕМЕСТАРОТ ПОСЛЕ 25.02.2017 ГОДИНА ЌЕ СЕ ВРШИ СО НАДОМЕСТ ОД 2000 ДЕНАРИ.**

---

20.01.2017 г.

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР - СКОПЈЕ**